

НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

# Љубомир Белогаски





ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ, академски сликар и графичар, роден е на 15-04 -1911 год. во Делчево. Основно образование завршил во родното место, а гимназија ви Штип, Тетово и Призрен. Високото образование го формира во Ббелград од 1931 до 1938 год. на Академскиот отсек, при Уметничката школа, во класата на професорите Бета Вукановиќ, Љубомир Ивановиќ, Никола Бешевиќ Симеон Роксандиќ, Иван Радовиќ и други, а во 1947 год. специјализира графички техники на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, кај професор Божидар Јакац.

Беше долгогодошен професор и педагог во гимназиите ви Пљевља и Крагуевац, потоа во Скопје, во машката гимназија “Цветан Димов, во Учителската школа Никола Карев, и во школата за применета уметност, а од 1949 до 1981 год. редовен професор на архитектонскиот факултет во Скопје.

Белогаски остварува неколку студиски патувања во Европа од 1952 до 1955 год. во Лондон, Париз, Рим, Фиренца. Од 1945 е член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и негов претседател во 1957год .Има повеќе значајни ликовни настапи со самостојни и групни изложби во Македонија и на бившите југословенски простори. Добитник е на вредни награди и признанија меѓу кои Октомвриската награда на СРМ за животно дело во 1972год., Орден на Републиката со сребрен венец 1979 год., наградата 13 Ноември 1992 година и многу други.

Во 1991 год. Белогаски направи донација од својата збирка (прва од таков вид во Македонија), подарувајќи му на Музејот на град Скопје 159 дела (претежно акварели, масла, цртежи и графики), создавани во текот на целиот период на ликовното творештво од 1929 до 1990-година.

Оваа вредна збирка овозможи Музејот на град Скопје да оформи галерија што го носи неговото име, во која постојано се изложени неговите дела. Љубомир Белогаски почина на 15 -02-1994год.

Дел од оваа донација, триесетина акварели ќе имаме можност да ги видиме и во нашиот град.

Љубомир Белогаски, припаѓа на првата генерација современи македонски сликари и е еден од најпознатите основноположници на македонското современо сликарство.
Сликарството на Белогаски е интимистичко сликарство, во основата оформено како лирски реализам. Покрај почетните обиди што ги прави во првиот период на своето творештво, покрај акварелите и во маслена техника, а покасно и во графиката, тој останува мајстор на акварелот кој станува негова трајна определба. Преку овој вид на сликарство тој поцелосно може да го искаже својот оптимистички дух, своите интимни чувства на лиричар, уметник поет.

Ликовниот опус, преку кој Белогаски ни се претставува себеси и своите длабоки лирски акорди и созвучја тематски е доста одреден. Тоа се портрети и допојасните фигури на неговите блиски и пријатели. Живописни пејсажи во кои доминира архитектурата предадена преку своите внатрешни видувања, емотивно преставени како сликарски проблем, градејќи една нова реалност преку геометризација на формите.
Тој пред се ја доловува старата традиционална архитектура каде се појавува и како хроничар на местата во кои престојувал. Кон мртвите природи има посебен пристап во изборот на теми кадешто доминира пред се цвеќето.

Пристапот во обработката на сите теми е воедначен . Градењето на композицијата е слична кај пејсажот како и кај мртвата природа со широк распон во ликовниот третман, од формална обработка на мотивот , до суптилни изливи во колоритот со фини и проѕирни ткаења, а местимично среќаваме и неисликани површини кои колористичките преливи ги прават посуптилни.

Белогаски и во наједноставните мотиви наоѓа творечки поттик за студиозна разработка на мотивот до вклопувањето во композицијата. И покрај извонредното познавање на цртежот волуменот го постигнува преку бојата и тонот. Додека во пораните дела под акварелните бои нанесени во широки плотни се чувствува цртежот, подоцнежните се послободно компонирани, без ограничување со контури.

Кустос по историја на уметност
Елица Николова

Белогаски





Белотаски









6

Белотаски








КАТАЛОГ

1.Пирка, 1935, 30 x 21,5, сигн. д.д. Љ.А.35
2. Ружи I,1941, акварел, 31x 24, сигн. д. д. Белогаски
3. Портрет на девојка I, 1941, акварел.33 x 23, д.л. Лј .Белогаски
4. Женска фигура, 1945, акварел, 62,5 x 43, сигн. д.д. Белогаски 45
5.Полско цвеќе во бела ваза, 1946,акварел, 35 x 24,5, сигн. д.д.Белогаски
6. Женски портрет1948, акварел, 29 x 2о,5, сигн. д. л. Белогаски
7. Осамена куќа, 1948, акварел. сигн. д.д. Белогасдки
8. Цвеќе II,1945, акварел, 3ох 21, сигн. г.л. Белогаски 48
9.Пестин град I, 1950, акварел, 4 6 x 49,5, сигн. д.л. Белогаски 1950
10. Ркалинкин цут во чаша,1950, акварел, 36 x 26, сигн. д. д. Белогаски
11.Цветно растение, 1950, акварел. 22 x 30,5 д.д.Белогаски
12. Добротски мотив, 1952, акварел, 47x 24, сигн. д.д. Белогаски
13.Борови, 1952,акварел, 47 x 63,5, сигн. д.д.Белогаски
14. Бившото училиште Његош- Скопје,1948, акварел, 31,5 x 44,
сигн. д. д. Белогаски1956
15. Крушево I, 1958, акварел. 65 x 49, д.д. Белогасдки
16. Блед II, 1958, акварел, 3ох 45, сигн. г.л. Белогаски , Блед 1952
17. Гладиоли, 1959, акварел, 468,5 x 49, сигн. д.л. Белогаски 1950
18. Мојата сопруга, 1960, акварел, 32,5 x 24,5, сигн. г.л. Белогаски
19.Крај Вардар пералиште на хром, 1960, акварел,
34,5 x 25, сигн. д.д. Белогаски
2о.Св.Стефан, Охрид, 1962, акварел, 21 x 25, син. д.д.Белогаски
21. Куќата на Капетановиќи, акварел, 27,5 x 17, синг. д.д.Белогаски
22. Ротквици во чинија,1957, акварел, 21,5 x 31, сигн. д.д.Белогаски
23. Стара нова бања, 1946, акварел, 49 x 6о, сигн. д.д.Белогаски
24. Мотив од Дурмитор, 1961, акварел, 18 x 27,5, синг. д.д. Белогаски
25. Портрет на Димитар Пандилов, 1956, акварел, 32 x 24,
синг, д.д.Љ.Белогаски
26. Селото Залази, 1952, акварел, 39 x 28, сигн, д.д. Белогаски, 52

**Издавач**
**НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС**

Одговорен уредник
Спасе Перовски

Организација на изложбата
Елица Николова

Дизајн на каталогот
Спасе Перовски

Печати
“СОФИЈА” - Богданци

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски” Скопје

75.036.2(497.7)(06.064) Белогаски, Љ.
БЕЛОГАСКИ Љубомир - Велес: Народен музеј, 2004. - 12 стр. илстр. во бои: 20 см

ISBN 9989-2282-0-5

COBISS.MK-ID 56635146

Благодарност до Музејот на град Скопје
за отстапување на дел од “донацијата -Белогаски”

Изложбата и каталогот се реализирани со помош на
Министерството за култура на Република Македонија.

НАРОДЕН МУЗЕЈ
ВЕЛЕС

Љубомир Белогаски